Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Касам Шабани од с. Глумово, Сарај УП2 09-149/23 од 12 јуни 2023 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1128847179 за период 10.06.2022 до 28.02.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1128847179 за период 10.06.2022 до 28.02.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно разгледување и одлучување.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје точно да ја утврди фактичката состојба и да се произнесе по сите наводи на потрошувачот и ако нема основ за корекција на ф-рата тогаш да го извести потрошувачот.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Касам Шабани од с. Глумово, Сарај до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: фактура за испорачана електрична енергија бр. 1128847179 за период 10.06.2022 до 28.02.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Жалителот побарал податоци за потрошувачка на електрична енергија за период од 5 години наназад но не ја добил. На 5 април 2023 година е исклучен од напојување и му е понудено да плати неподмирен долг на рати, но тој потенцира дека долгот е непостоечки.

На 23 мај 2023 година побарал плаќање за долгот на рати но сеуште нема добиено одговор.

Според ЕВН - по изготвен налог за промена на мерен уред, од страна на екипа при надлежен КЕЦ Ѓорче Петров, на 07 февруари 2023 година извршена е промена на стариот мерен уред со број 77030254 со нов мерен уред 84419465, заради спроведување на проект за дислокација на мерни места.

При промената на стариот мерен уред регистрирани се потрошени нефактурирани киловатчасови (kWh) односно: на прва тарифа 11596 kWh и на втора тарифа 9497 kWh. Истите се фактурирани во приговараната фактура.

Согласно законските и подзаконските акти, корисникот може да присуствува при отчитувањето на регистрираната потрошена електрична енергија, но не е обврзувачки да присуствува при контролата или промената на мерните инструменти, да добие примерок од записници, налози и слично.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори одржана на 22 август 2023 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-149/23 од 12 јуни 2023 година со прилог:

-Ургенција доставена до КЕЦ Ѓорче Петров на 10 април 2023 година

-Барање за потрошувачка за период од 5 години доставено до КЕЦ Ѓорче Петров на 7 април 2023 година

-Приговараната фактура

-Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1121261097 од 17 јуни 2023 година за период 13.05.2022 до 09.06.2022 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје

-Фактура за испорачана електрична енергија бр. 11299018841 од 31 март 2023 година за период 01.03.2023 до 31.03.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје

-Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1130785994 од 30 април 2023 година за период 01.04.2023 до 30.04.2023 година издадена од ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје

2. Одговор на Приговор и дополнителна документација од 17 јули 2023 година со прилог:

- Техничка контрола од 7 февруари 2023 година

и на седницата се одлучи Приговорот да се одбие а фактурата да се потврди.

На 09 февруари 2024 година Управниот суд достави Пресуда У-6 бр. 614/2023 со која се уважува тужбата на тужителот Касам Шабани од с. Глумово, Сарај и се поништува донесеното Решение на Регулаторната комисија за енергетика УП2 09-149/23 од 07.09.2023 година.

Поради тоа, а имајќи ги предвид напатствијата наведени во Пресудата, Приговорот повторно се разгледуваше на седница одржана на 28 февруари 2024 година со цел постапување по истите.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–149/23**
**18 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**